# ЗАПИСНИК

од 3-та седница на Управниот одбор на ЗЕЛС
21 април, 2026 г. Охрид

**<u>Присутни</u>**: Орце Ѓорѓиевски (Градоначалник на Град Скопје), Горан Герасимовски (Градоначалник на Општина Центар), Соња Стаменкова (Градоначалник на Општина Македонска Каменица), Блерим Сејдиу (Градоначалник на Општина Желино), Бобан Стефковски (Градоначалник на Општина Гази Баба), Јане Мицевски (Градоначалник на Општина Сопиште), Дејан Митески (Градоначалник на општина Аеродром), Борче Митевски (Градоначалник на општина Петровец), Дејан Владев (Градоначалник на Општина Свети Николе), Ѓорѓе Божинов (Градоначалник на Општина Ново Село), Петар Јанков (Градоначалник на Општина Струмица), Кирил Пецаков (Градоначалник на Општина Охрид) Ивана Ѓорѓиевска, (со овластување од Максим Димитриевски, Градоначалник на Општина Куманово).

**<u>Дискусија</u>:**

На седницата беше едногласно усвоен и по истиот се расправаше, следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Одлука за закажување на втората седница на Генералното собрание на ЗЕЛС;
2. Усвојување на наративен и финансиски извештај (завршна сметка) на ЗЕЛС за 2025 година;
3. Одлука за избор на членови во Комитетот на Совети (согласно Одлуката на Генералното Собрание на ЗЕЛС за еднократно пренесување на оваа надлежност врз Управниот Одбор) – 9 члена;
4. Одлука за избор на членови и нивни заменици во Заедничкиот консултативен комитет на Комитетот на регионите при Европската Унија и нашата држава (11 членови и 11 заменици);
5. Одлука за избор на делегати и нивни заменици во Генералното Собрание на НАЛАС (2 делегати и 2 заменици);
6. Одлука за избор на членови во Комисијата за следење на процесот на финансирање на општините (7 членови);
7. Одлука за избор на делегати и нивни заменици во Генералното Собрание на АРЛЕМ (2 делегати и 2 заменици);
8. Одлука за избор на членови на Комисијата за животна средина и комунални дејности при ЗЕЛС, Комисијата за социјални работи при ЗЕЛС и Комисија за урбанизам при ЗЕЛС;
9. Одлука за избор на членови на Лоби група за родова еднаквост;
10. Меморандум за соработка со Комисијата за спречување и заштита од дискриминација;
11. Разгледување на барање од општина Битола во врска со висината на надоместокот за извршување на геодетски работи;
12. Разно.

**ПРВА ТОЧКА**: Одлука за закажување на втората седница на Генералното собрание на ЗЕЛС;

Управниот одбор ги разгледа термините за свикување на втората седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор донесе Одлука за свикување на втората седница на Генералното Собрание на ЗЛЕС на ден 11 јуни, 2026 г. кое ќе се одржи во хотелот Александар Палас во Скопје.

**ВТОРА ТОЧКА**: Усвојување на наративен и финансиски извештај (завршна сметка) на ЗЕЛС за 2025 година;

**ОДЛУКА**: Управниот одбор едногласно донесе Одлука за усвојување на наративен и финансиски извештај (завршна сметка) на ЗЕЛС за 2025 година и му предлага на Генералното Собрание на ЗЕЛС истите да ги усвои на својата прва следна седница.

**ТРЕТА ТОЧКА**: Одлука за избор на членови во Комитетот на Совети (согласно Одлуката на Генералното Собрание на ЗЕЛС за еднократно пренесување на оваа надлежност врз Управниот Одбор) – 9 члена;

**ОДЛУКА**: За членови во Комитетот на Совети при ЗЕЛС, согласно Одлуката за еднократно пренесување на надлежноста од страна на Генералното собрание врз Управниот одбор, се избираат:

1. г. Даме Димитровски, Претседателот на совет на Град Скопје
2. г. Даниел Јаневски, Претседател на совет на општина Велес (претставник на ВАРДАРСКИ РЕГИОН)
3. г. Миле Трајковски, Претседател на совет на општина Крива Паланка (претставник на СЕВЕРОИСТОЧЕН РЕГИОН)
4. г. Јусуф Абдули, Претседател на совет на општина Тетово (претставник ПОЛОШКИ РЕГИОН)
5. г. Коста Замановски, Претседател на совет на општина Ресен (претставник на ПЕЛАГОНИСКИ РЕГИОН)
6. г. Ајхан Сулковски, Претседател на совет на општина Кичево (претставник на ЈУГОЗАПАДЕН РЕГИОН)
7. г-ѓа Анета Стамкова, Претседател на совет на општина Гевгелија (претставник на ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН)
8. г. Александар Андов, Претседател на совет на општина Кочани (претставник на ИСТОЧЕН РЕГИОН)
9. г-ѓа Светлана Колариќ, Претседател на совет на општина Кисела Вода (претставник на СКОПСКИ РЕГИОН)

**ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Одлука за избор на членови и нивни заменици во Заедничкиот консултативен комитет на Комитетот на регионите при Европската Унија и нашата држава (11 членови и 11 заменици);

**ОДЛУКА**: Управниот одбор донесе Одлука за избор на членови во Заедничкиот Консултативен Комитет помеѓу Комитетот на регионите на Европската Унија и Република Северна Македонија, и тоа:

1. г. Орце Ѓорѓиевски, градоначалник на Град Скопје, копретседател на ЗКК
2. г. Изет Меџити, градоначалник на општина Чаир,
3. г. Горан Герасимовски, градоначалник на општина Центар,
4. г. Максим Димитриевски, градоначалник на општина Куманово,
5. г. Кирил Пецаков, градоначалник на општина Охрид,
6. г. Тони Коњановски, градоначалник на општина Битола,
7. г. Петар Ружински, градоначалник на општина Берово
8. г-ѓа. Наталија Димитриева, градоначалник на општина Демир Хисар,
9. г. Валбон Лимани, градоначалник на општина Гостивар,
10. г. Сотир Лукровски, градоначалник на општина Карпош
11. г. Александар Јовановски, градоначалник на општина Кичево

и нивни заменици:

1. г. Ѓорѓе Божинов - градоначалник на општина Ново Село
2. г. Ристо Манчев, градоначалник на општина Босилово
3. г. Александар Китански, градоначалник на општина Пехчево
4. г. Димитар Костадиноски, градоначалник на општина Јегуновце,
5. г. Блаже Шапов. Градоначалник на општина Богданци,
6. г. Менди Ќура - градоначалник на Општина Струга
7. г. Аријан Ибраим, градоначалник на општина Центар Жупа
8. г. Алија Јаоски, градоначалник на општина Пласница
9. г. Драганчо Саботовски, градоначалник на општина Могила
10. г. Марко Колев, градоначалник на општина Велес
11. г. Александар Стојковски, градоначалник на општина Ѓорче Петров

**ПЕТТА ТОЧКА**: Одлука за избор на делегати во Генералното Собрание на НАЛАС (2 делегати);

**ОДЛУКА**: Управниот одбор донесе Одлука за избор на двајца делегати во Генералното Собрание на НАЛАС и тоа:

1. г. Кирил Пецаков, градоначалник на општина Охрид, Заменик - Делегат
2. г-ѓа. Соња Стаменкова, градоначалник на општина М. Каменица - Делегат

**ШЕСТА ТОЧКА**: Одлука за избор на членови во Комисијата за следење на процесот на финансирање на општините (7 членови);

**ОДЛУКА:** Управниот одбор донесе Одлука за избор на членови во Комисијата за следење на процесот на фискална децентрализација и тоа:

1. г. Борче Митевски – градоначалник на општина Петровец, Претседател
2. г. Ванчо Митев - градоначалник на Општина Зрновци
3. г. Ѓорѓе Божинов - градоначалник на Општина Ново Село
4. г. Дејан Проданоски - градоначалник на Општина Прилеп
5. г-ѓа. Марија Нацева - градоначалник на Општина Неготино

6. г. Еркан Арифи - градоначалник на Општина Липково
7. г. Дејан Владев - градоначалник на Општина Свети Николе

**СЕДМА ТОЧКА**: Одлука за избор на делегати и нивни заменици во Генералното Собрание на АРЛЕМ (2 делегати и 2 заменици);

**ОДЛУКА**: Управниот одбор донесе Одлука за избор на 2 делегати и нивни заменици во Генералното Собрание на АРЛЕМ и тоа:

1. г. Сашко Митовски, градоначалник на општина Крива Паланка
2. г. Александар Георгиевски, градоначалник на општина Илинден

и нивни заменици

1. г. Тони Коњановски, градоначалник на општина Битола
2. г. Мухамед Елмази, градоначалник на општина Сарај

**ОСМА ТОЧКА**: Одлука за избор на членови на Комисијата за животна средина и комунални дејности при ЗЕЛС, Комисијата за социјални работи при ЗЕЛС и Комисија за урбанизам при ЗЕЛС;

**ОДЛУКА**: Управниот одбор донесе Одлука за избор на членови во:

А. Комисија за социјална заштита и социјална инклузија

1. г. Бобан Стефковски - градоначалник на општина Гази Баба, Претседател
2. г. Спасе Кочовски - градоначалник на општина Вевчани;
3. г. Марко Колев - градоначалник на општина Велес;
4. г-ѓа Наталија Димитриевска - градоначалник на општина Демир Капија;
5. г. Иван Гоцевски - градоначалник на општина Делчево;
6. г. Александар Георгиевски - градоначалник на општина Илинден;
7. г. Жарко Ристески - градоначалник на општина Македонски Брод;
8. г. Биљал Касами - градоначалник на општина Тетово;
9. г. Курто Дудуш - градоначалник на општина Шуто Оризари.

Б. Комисијата за животна средина и комунални дејности

1. г. Јане Мицевски - градоначалник на општина Сопиште, Претседател
2. г. Даут Мемиши, градоначалник на општина Теарце, Заменик – Претседател
3. г. Ѓоко Камчев, градоначалник на општина Валандово;
4. г. Стевче Стефановски, градоначалник на општина Новаци;
5. г. Митко Костадиновски, градоначалник на општина Виница;
6. г. Онер Јакупоски, градоначалник на општина Маврово-Ростуше;
7. г. Тони Тоневски, градоначалник на општина Пробиштип;
8. г. Јован Тозиевски, градоначалник на општина Ресен.

В. Комисија за урбанизам

1. г. Дејан Митески – градоначалник на општина Аеродром, Претседател
2. г. Горан Герасимовски - градоначалник на општина Центар;

3. г. Кирил Пецаков - градоначалник на општина Охрид;
4. г. Менди Ќура - градоначалник на општина Струга;
5. г. Валбон Лимани - градоначалник на општина Гостивар;
6. г. Биљал Касами - градоначалник на општина Тетово;
7. г. Максим Димитриевски - градоначалник на општина Куманово;
8. г. Ѓорѓе Божинов - градоначалник на општина Ново Село;
9. г. Андон Сарамандов - градоначалник на општина Гевгелија;
10. г. Митко Јанчев – градоначалник на општина Кавадарци

**ДЕВЕТТА ТОЧКА**: Одлука за избор на членови на Лоби група за родова еднаквост;

**ОДЛУКА**: Управниот одбор донесе Одлука за избор на членови во „Лоби групата за родова еднаквост" и тоа:

1. г-ѓа. Наталија Димитриева, градоначалник на општина Демир Капија
2. г-ѓа Бети Стаменкоска Трајкоска, градоначалник на општина Кисела Вода
3. г-ѓа Марија Нацева, градоначалник на општина Неготино
4. г-ѓа Соња Стаменкова, градоначалник на општина Македонска Каменица
5. г-ѓа Ивана Ѓорѓиевска, Претседател на совет на општина Куманово
6. г. Тони Тоневски, градоначалник на општина Пробиштип
7. г. Иван Јорданов, градоначалник на општина Штип
8. г. Златко Ристов, Градоначалник на општина Конче

**ДЕСЕТТА ТОЧКА**: Меморандум за соработка со Комисијата за спречување и заштита од дискриминација;

Комисијата за спречување на дискриминација достави иницијатива за институционална соработка со ЗЕЛС преку форма на Меморандум кој не предвидува конкретни активности но предвидува долгорочна консултација и соработка на проекти кои ќе произлезат во иднина.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор ја поздравува иницијативата за склучување на Меморандум за соработка со Комисијата за спречување на дискриминација и го овластува извршниот директор да го склучи овој документ во име на ЗЕЛС.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА**: Разгледување на барање од општина Битола во врска со висината на надоместокот за извршување на геодетски работи;

Општина Битола се обрати до ЗЕЛС со барање Управниот одбор да заземе став во однос на нереалната висина на геодетските услуги кои се утврдени со посебен тарифник на Комората на геодети, со оглед дека истите се големо оптоварувања на финансиските средства.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор донесе заклучок со кој иницијативата на општина Битола треба да се разгледува во пакет со надоместокот кој го утврдува Комората на архитекти и инженери за изработка на проектна документација, па оттука не може да се впушти во парцијално третирање на прашањето со висината на надоместоците, односно да се залага за намалување на едните а премолчно да се согласи со висината на другите утврдени трошоци.

**ТОЧКА РАЗНО**:

1. **Разгледување на состојбата со податоците од Агенцијата за катастар потребни за изготвување на даночните решенија**

   Присутните отворија дискусија во врска со високата цена на податоците кои општините ги добиваат од Катастарот со потребните податоци за имотот на даночните обврзници. Од страна на агенцијата за катастар на недвижности е добиено известување за намалување на цената на податоците, но сепак истите, во многу наврати во разговори со државните органи е потенцирано барањето на ЗЕЛС дека истите мора да се обезбедат за општините без надомест, како што тоа е направено за државните органи и институции.

   Присутните беа запознаени дека постои и еден друг начин како овие податоци да бидат ажурирани и достапни за општините, а тоа е преку процесот на интероперабилност преку Министерството за дигитална трансформација. Но за да може да се спроведе процесот на поврзување во мрежата на интероперабилност, потребни се голем број правни, безбедносни и технички предуслови на кои ЗЕЛС мора да работи со општините во државата.

   **ЗАКЛУОК**: Управниот одбор донесе заклучок со кој се задолжува стручната служба на ЗЕЛС да воспостави форма на соработка со Министерството за дигитална трансформација за да ги обезбеди предусловите за вклучување на сите општини во интероперабилната мрежа со која управува ова министерство и со општините да работи на исполнувањето на безбедносните, техничките, административните и правните критериуми за воспоставување на истата.

2. **Дискусија во однос на проблемот со рационализација на училишниот кадар и во училиштата**

   Рационализација на училишната мрежа е еден од приоритетите на Министерството за образование заради што општините се должни да направат рационализација на кадарот кој нема соодветно доволен број на часови, но со оглед дека станува збор за голем број на наставници, постои стравување дека истите неправедно ќе го изгубат работното место, а истите можеби можат да обезбедат доволен фонд на часови со дополнителни секциски активности (театар, драма, сликање итн.).

   **ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор бара од Министерството за образование да достави дополнителни појаснувања за начинот не проценување на потребата од соодветен наставен кадар кој можеби и не треба да го изгуби работното место заради процесот на рационализација и оптимизација на училишната мрежа и ги упатува општините да се обратат до овој орган со отворените прашања кои ги имаат.

3. **Дискусија во однос на проблемот со согласност за вработување на нов кадар во градинките заради упразнети места поради пензионирање**

   Присутните го отворија прашањето со постапката за добивање согласност од надлежното министерство за труд за вработување на нови воспитувачки и

негувателки во градинките кое завршува негативно, односно општините не добиваат согласност за ново вработување на работни места кои се упразнети поради заминување во пензија на досегашните вработени.

Како дополнителен проблем се наметнува и недостатокот на кадар кој би се јавил на огласот дури и во случај да се обезбеди согласноста. За оваа цел беше предложено да се изменат прописите со кои ќе се предвиди покрај квалификациите за негувателки истите да се прошират за да може да се прошири опфатот на квалификувани лица.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор донесе заклучок со кој на некој од наредните седници ќе се обезбеди присуство на Министерот за социјална политика, демографија и млади.

4. **Дискусија во однос на распределбата на средствата од дотацијата за противпожарна заштита заради несразмерен износ во сите општини.**

Управниот одбор отвори дискусија во однос на извештаите за несоодветна распределба на зголемениот износ на средства наменети за наменската дотација во областа на противпожарната заштита, каде е забележано дека средствата не се соодветно определени и исплатени во сите опитни подеднакво.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор на ЗЕЛС на некоја од следните свои седници ќе го покани Министерот за одбрана да присуствува со цел директен дијалог за надминување на состојбите со финансирањето на противпожарната заштита, а заради обезбедување релевантни податоци за распределбата на дотациите, истовремено се задолжува стручната служба на ЗЕЛС да обезбеди информации од општините.

5. **Одлука за усогласување на висината на платите на вработените во ЗЕЛС со последните зголемувања на платите во јавната администрација.**

Со оглед на пропишаното и спроведено зголемување на платите во јавната администрација, Управниот одбор отвори расправа за усогласување на платите на вработените во стручната служба на ЗЕЛС.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор донесе Одлука со која платата на вработените во стручната служба на ЗЕЛС се зголемува за 7% во однос на последната исплатена плата за месец март, а зголемувањето ќе се пресмета со платата за месец април.

6. **Дискусија во однос на проблемите со сложените постапки во примената на Законот за урбанистичко планирање и неможност да се донесат урбанистички планови.**

Членовите на Управниот одбор отворија дискусија дека согласно актуелните прописи за урбанистичко планирање, постапките се премногу сложени и дека заради потреби од брз развој потребно е поедноставување на постапките на донесување на плановите.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор на некоја од следните свои седници ќе го покани надлежниот Министер за транспорт за да се отвори дискусија за ова прашање.

7. **Дискусија во однос на прашањето со поставување на забавните паркови (рингишпил)**

Управниот одбор го истакна ова прашање како исклучително важно, особено од аспект на јавната безбедност и правната сигурност на општините. Моменталниот „правен вакуум“ создава ризици и за градоначалниците (одговорност) и за граѓаните (безбедност).

Управниот одбор укажа дека во претстојниот период, преку Комисијата за урбанизам е потребно да се најде решени кое би одело во две насоки: кои имаат и предности и недостатоци:

Уредување на ова прашање преку Законот за комунални дејности што би подразбирало третирање на забавните паркови како специфична услуга или дејност од јавен интерес. Овој закон дозволува понатамошно подзаконски да се уреди (со правилници) со кои детално би се пропишале безбедносните стандарди и би можело да се вметнат строги критериуми за:

- Сертификати за исправност на реквизитите (според МКС стандард).
- Задолжително осигурување од незгода.
- Противпожарни елаборати и присуство на медицинска помош.

Слабост на овој пристап би било тоа што комуналните дејности обично се однесуваат на континуирани услуги (вода, смет, осветлување), додека привремените забавни паркови често се сезонски или за еднократни настани, па може да се појави проблем со административна комплексност на постапката.

Вториот пристап би бил третирање на забавните паркови како урбана опрема, што е тековна практика во многу општини во моментот, каде локациите се одредуваат со Програма за поставување на урбана опрема. На овој начин би се овозможила брза распределба на локации преку јавен оглас и наплата на такса за користење на јавна површина. Но поставувањето на урбаната опрема (клупи, канти, билборди, па дури и маси пред кафулиња) во својата суштина не предвидува толку високи безбедносни ризици како рингишпилите.

Оттука, најсоодветно би била комбинирање на двата аспекта, но со фокус на безбедноста како приоритет. Ова би значело локацијата да остане како дел од Програмата за поставување на урбана опрема, додека условите за работа да се уредат со посебен Правилник кој би произлегувал од Законот за комунални дејности или Закон за техничките барања за производите и оцена на сообразност со кој би се уредиле предусловите за добивање на одобрение за поставување „забавни реквизити“, при што операторот би морал да приложи:

- Годишен сертификат за техничка исправност од акредитирано тело.
- Елаборат за заземјување и електрична инсталација.
- Сертификат за обученост на персоналот кој ракува со машините.

**ЗАКЛУЧОК:** е задолжува Комисијата за урбанизам при ЗЕЛС да изготви иницијатива за изменување и дополнување на Законот за комунални дејности каде што ќе се дефинира „организирање забавен парк“ како дејност, со што ќе се даде основ за утврдување на безбедносни стандарди со посебен Правилник, со оглед дека третирањето на рингишпилите само како „урбана опрема“ е опасно по безбедноста на корисниците.

8. **Барање на стопанската комора во однос на плаќањето на комуналната такса за возила утврдена со Законот за комуналните такси.**

Стопанската комора се обрати до ЗЕЛС со барање за взаемно изнаоѓање на решение за нејасно дефинираните одредби во Законот за комунални такси во членот 20, тарифен број 9 и тоа од аспект на субјектот кој може да ја наплатува оваа комунална такса дефиниран како Министерството за внатрешни работи, иако комуналната такса ја наплатуваат и до општините ја администрираат субјектите кои вршат дејност на регистрација на возилата и вториот и поголем проблем, односно правото кое произлегува од новиот Закон секој сопственик на возило истото да може да го регистрира било каде на подрачјето на државата, а операторите на услугата за регистрација се должни локално да ја применуваат Одлуката на Советот на општината за висината на оваа комунална такса во рамките како што е предвидено со Закон, би значело дека одреден сопственик на возило би плаќал помал износ од друг кој го регистрира своето возило во друга општина. За оваа цел е предложен образец на унифициран тарифник со опфат на сите категории на возила а додадено и тип на возило – трактор, на усогласување од страна на ЗЕЛС.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор го разгледа предлогот примен од Стопанската комора и ја задолжува стручната служба на ЗЕЛС овој предлог да го достави до сите општини, да прибере мислење и за тоа да го извести Управниот одбор на следната седница.

**Составил**,
Стручната служба на ЗЕЛС

**Заедница на единиците на локалната самоуправа – ЗЕЛС,**
**Претседател,**
**Орце ЃОРЃИЕВСКИ**